Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 100-та седница одржана на ден 06.01.2024 година ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-5422/1 од 22.11.2023 година, со наводи за сомневање за судир на интереси и коруптивни дејствија при постапување од страна на службено лице, ------------------------------------------ в.д. директор на ---------------------------- ------------------------------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот да се достави до Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција како дополнување на постапката која согласно јавно објавените информации се води во обвинителството во однос на извршување на службената должност на службеното лице.

Да се отворат предмети во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање и во Одделението за следење на имотна состојба и интереси.

Предметот со број 12-5422/1 од 22.11.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 22.11.2023 година, поднесена е пријава со наводи за судир на интереси и коруптивни дејствија при постапување од страна на службено лице, -------------------------------- в.д. директор на ------------------------------------------------------------- - -------- и оформен е предмет број 12-5422/1 од 22.11.2023 година.

Подносителот наведува дека ја поднесува пријавата поради основано сомневање за трговија со влијание, корупција и конфликт на интерес на директорот и членовите на стручната комисија формирана од него која го издава позитивното конзерваторско мислење до ------------------------------ и ---------------------------------------------------------- на 08.11.2023 по Основен проект (Архитектура) - Домување во станбени згради ----------------------------------, -----------, -------------, Скопје изработена од --------------------------------------. Подносителот наведува дека основите за сомневање се дека директорот на установата е воедно и член на Комисијата за урбанизам на Општина Карпош, каде го одобрил и дава позитивно мислење за урбанистичкиот проект за објектот за кој потоа неговата установа издава конзерваторско мислење, поради што смета

дека ова е основа за конфликт на интерес. Дополнително, се наведува дека „неофицијално, --- ------------------------------------------- изработува негативно конзерваторско мислење по објектот, но директорот --------------------------------------- го одзема предметот на лицето кое изготвило негативно мислење и составува стручна комисија од три члена по негов избор која потоа издава позитивно конзерваторско мислење". Како трет основ на сомневање во пријавата се наведува дека издаденото позитивно конзерваторско мислење не е во согласност со Правилникот за формата и содржината на образецот на конзерваторското мислење и за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на конзерваторското мислење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 109/2016). Имено, се наведува дека во образложението на конзерваторското мислење треба да е наведено дека објектот кој се наоѓа во контактната зона на спомeничката целина/поединечното заштитено добро Споменикот - Воена болница во Скопје, е во согласност со режимот на заштита за контактната зона на спомeничката целина/поединечното заштитено добро Споменикот - Воена болница во Скопје. Подносителот посочува дека во конзерваторското мислење наведено е мислењето на Управата за заштита на културното наследство (----------------------- од 03.11.2023 год.) во кое се вели дека градежната парцела е речиси целосно доминантно лоцирана во контактната зона на Воената болница во Скопје и дека мислењето на Управата е дека истата треба да биде третирана како објект во контактна зона на Воената болница во Скопје. Во продолжение на пријавата се наведува дека клучното нешто што конзерваторското мислење требало да наведе, но не го навело е дека објект со ваков габарит и катност ќе ги наруши визурите на Воената болница во Скопје и тоа не е наведено и согласно не е издадено негативно мислење, туку е направено спротивното, издадено е позитивно мислење без основа. Во прилог на пријавата се доставени конзерваторско мислење, решение за формирање на стручна комисија, режим на заштита од ДУП, позитивно мислење на комисија за урбанизам.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање на информации до Општина Карпош и Државниот управен инспекторат.

Во однос на барањето на ДКСК до Општина Карпош, доставено е известување со прилог бараната документација. Во известувањето, меѓу останатото, се посочува дека формирањето на Комисија за урбанизам е потреба и обврска која произлегува од пропишаното со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20 и 111/23), а истата е формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош, а во се согласно член 38 став (5) од законот. Согласно пропишаното со член 38 став (6) од законот, Комисијата за урбанизам на општина во градот Скопје е составена од најмалку пет члена архитекти-урбанисти, од кои тројца членови се носители на овластување за изработка на урбанистички планови, а двајца членови се со професионално искуство од областа на водење на постапки за изработување, донесување и спроведување на урбанистички планови, при што најмалку двајца членови треба да не се вработени во општинската администрација. Во продолжение се наведува дека изборот на истите е направен имајќи ги во предвид нивните компетенции, докажаната професионалност, стручност како и долгогодишното искуство добиено при изработка и донесување на постапки од областа на урбанистичкото планирање, бидејќи во материјалниот закон не е пропишан поинаков формат на избор и селекција (односно јавен повик или слично). Исто така, наведено е дека ниту еден член на Комисијата за урбанизам

не може самостојно да решава по предметите во нејзина надлежност, а за сите предмети се врши континуирана комуникација помеѓу членовите преку електронски средства, а периодично се одржуваат и состаноци со физичко присуство. Комисијата за урбанизам има низа обврски и задачи согласно член 38 став 8 од Законот за урбанистичко планирање. Примарна обврска на Комисијата за урбанизам е да се грижи за правилен урбан развој на општината, преку имплементација на стратешките цели и определби на општината во урбанистичките планови кои се во постапка на изработка и контрола на урбанистичките планови и урбанистичките проекти во однос на нивната усогласеност со релевантната законска и подзаконска регулатива. Исто така, се наведува дека членовите на Комисијата за урбанизам немаат никаков директен финансиски бенефит по однос на поединечни предмети; за својата работа добиваат фиксен месечен надоместок, чија што висина не зависи од видот и бројот на предмети, а уште помалку од висината на инвестицијата на одредени инвеститори. Во однос на конкретниот предмет по кој од Комисијата за урбанизам на Општина Карпош е дадено Мислење бр. ----------- од 06.10.2023 год. и кој е одобрен со Потврда за одобрување бр.----------- од 06.10.2023 год., во известувањето се наведува дека се работи за урбанистички проект со кој се разработува градежна парцела од претходно донесен важечки детален урбанистички план. Со ваквиот вид на урбанистички проект се спроведува важечки урбанистички план и со истиот решенијата од деталниот урбанистички план единствено се надополнуваат и детално се разработуваат, но не се менуваат. Урбанистичкиот проект се изработува врз основа на Законот за урбанистичко планирање. Се наведува дека урбанистичкиот проект не нуди можност за директна реализација на предвидените градби; истиот врши детална разработка на градежната парцела, за која во понатамошните фази е потребно да се изработи основен проект за предвидената градба, врз основа на кој може да се издаде Одобрение за градење, во се согласно Законот за градење, во постапки во кои не е инволвирана Комисијата за урбанизам. Се посочува дека со важечкиот ДУП од 2013 год. за предметната градежна парцела е зададен услов: „За сите интервенции се задолжува инвеститорот пред издавање на документација за градба да обезбеди стручно мислење од НУ Конзерваторски центар - Скопје и конзерваторско одобрение од Управата за заштита на културното наследство"; при што во дописот се посочува дека ова одобрение се издава на изработен Основен проект, пред издавање на одобрение за градење, а не се издава на урбанистички проект. Истоветно како пропишаното со деталниот урбанистички план, и самиот урбанистички проект укажува дека во следната фаза (при изработка на основен проект, пред издавање на одобрение за градење) е неопходно да се обезбеди конзерваторско одобрение.

Во врска со барањето на ДКСК, Државниот управен инспекторат да изврши вонреден инспекциски надзор во однос на законитоста на целокупната постапка за издавање на Конзерваторско мислење бр. --------- од 01.11.2023 година во рамки на своите надлежности, вклучително и од аспект на канцеларискиот работење по предметот, од страна на Државниот управен инспекторат е доставено известување дека е постапено по истото, управниот инспектор извршил вонреден инспекциски надзор и извршил непосреден увид во списите на предметот, во евиденцијата што се води и извршен е разговор со присутните службени лица. Управниот инспектор констатирал дека поднесено е Барање за издавање на конзерваторско мислење бр.------------------- од 16.10.2023 година, од Друштво за градежништво, проектирање, инженеринг, трговија и услуги---------------------------------------------, истото е примено на ден

17.10.2023 година и заведено под арх. бр. ----------------------, видно од приемниот штембил на -------------------------------------------------------------------------. Од страна на в.д. директор --------------------------------------- формирана е стручна комисија со Решение бр. -------- од 03.11.2023 година. Донесено е Конзерваторско мислење бр.------------------ од 08.11.2023 година, потпишана од в.д. директорот, и истото е доставено на 08.11.2023 година. Извршен е увид во деловодникот од 2023 година, од кој се констатира дека горенаведените списи уредено се заведени во деловодникот како основна евиденција за сите приемни и сопствени документи/ записи. Во поглед на наводите од претставката во однос на законитоста на Конзерваторското мислење, Државниот управен инспекторат известува дека согласно надлежностите во член 2 од Законот за управната инспекција нема надлежност да ја цени законитоста на мислењето. Управниот инспектор констатирал дека нема основ да преземе дополнителни инспекциски дејствија и да донесе решение со изрекување на соодветна инспекциска мерка согласно овластувањата утврдени во закон и ја запрел инспекциската постапка согласно со член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор.

Врз основа на утврдената фактичка состојба, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот. Во однос на наводите дека издаденото позитивно конзерваторско мислење не е во согласност со Правилникот за формата и содржината на образецот на конзерваторското мислење и за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на конзерваторското мислење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 109/2016), односно образложението на мислењето не ги содржи информациите кои се суштински за потребата од конзерваторско мислење, предметот ќе го достави до Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција како дополнување на постапката која согласно јавно објавените информации се води во обвинителството поврзана со извршување на службената должност на службеното лице.

Дополнително, заради проверка на наводите за судир на интереси кај службеното лице и проверка на податоците за неговата имотна состојба и интереси, ДКСК донесе заклучок да се отвораат предмети во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање и во Одделението за следење на имотна состојба и интереси.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

- Доставено до:
Подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**